# ОТВОРЕНО ПРВЕНСТВО НА ГРАД СКОПЈЕ

## ВТОР МЕЃУНАРОДЕН ПЛИВАЧКИ МИТИНГ

# „SKOPJE OPEN 2019“

**16 - 17.11.2019**

**- СКОПЈЕ -**

**ОРГАНИЗАТОР НА НАТПРЕВАРОТ:**

- Градски пливачки сојуз - Скопје
- Пливачки клуб СКОПЈЕ

**МЕСТО:**

- Спортски центар „Борис Трајковски“ **- <u>А1 базен</u>**
  бул. 13$^{-ти}$ Ноември бр.13 1000 Скопје

**БАЗЕН:**

- Димензии: 25х33, 8 ленти
- Температура на водата 26.5

**Време:**

- Електронско мерење на времето

**КАТЕГОРИИ:**

| КАТЕГОРИИ | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| A | ОТВОРЕНО | ОТВОРЕНО |
| B | 2001 - 2004 | 2001 - 2004 |
| C | 2005 - 2006 | 2005 - 2006 |
| D | 2007- 2008 | 2007- 2008 |
| E | 2009 | 2009 |
| F | 2010 & ПОМЛАДИ | 2010 & ПОМЛАДИ |

# ПРОГРАМА НА НАТПТРЕВАРОТ:

| 16-11-2019<br>САБОТА | | | | 17-11-2019<br>НЕДЕЛА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Расплив: 08:00 – 08:50<br>Расплив: 16:00 – 16:45 | | | | Расплив: 08:00 – 08:50<br>Расплив: 16:00 – 16:45 | | | |
| Квалификации 09:00<br>Финале 17:00 | | | Категории | Квалификации 09:00<br>Финале 17:00 | | | Категории |
| 1. | 800 слободно | Ж | A | 1. | 1500 слободно | М | A |
| 2. | 100 слободно | М | A - E | 2. | 100 слободно | Ж | A - E |
| 3. | 50 слободно | Ж | A - F | 3. | 50 слободно | М | A - F |
| 4. | 50 градно | М | A - F | 4. | 50 градно | Ж | A - F |
| 5. | 100 градно | Ж | A - E | 5. | 100 градно | М | A - E |
| 6. | 400 мешано | М | A | 6. | 400 мешано | Ж | A |
| 7. | 100 делфин | Ж | A - E | 7. | 100 делфин | М | A - E |
| 8. | 100 грбно | М | A - E | 8. | 100 грбно | Ж | A - E |
| 9. | 50 грбно | Ж | A - F | 9. | 50 грбно | М | A - F |
| 10. | 200 делфин | М | A - D | 10. | 200 делфин | Ж | A - D |
| 11. | 200 мешано | Ж | A - D | 11. | 200 мешано | М | A - D |
| 12. | 400 слободно | М | A - C | 12. | 400 слободно | Ж | A - C |
| 13. | 200 слободно | Ж | A - D | 13. | 200 слободно | М | A - D |
| 14. | 200 градно | М | A - D | 14. | 200 градно | Ж | A - D |
| 15. | 100 мешано | М | A - E | 15. | 100 мешано | Ж | A - E |
| 16. | 200 грбно | Ж | A - D | 16. | 200 грбно | М | A - D |
| 17. | 50 делфин | М | A - F | 17. | 50 делфин | Ж | A - F |

**ПРОПОЗИЦИИ:**

- Натпреварот е дел од календарот на LEN и ќе се организира според правилата на FINA, LEN и на Македонската пливачка федерација, како и според правилата на овој натпревар.
- Пливањето во сите дисциплини ќе се одвива наутро како квалификации. Финалињата А и Б ќе се одржат попладне, каде финалето А е отворена категорија , финалето Б е за Б категорија и за помлади . Финалето Б се однесува само на дисциплините во 50м и 100м .
- 800 слободно за жени и 1500 слободно за мажи ќе се плива директно финале.
- Доделувањето на медалите во сите категории ќе биде наутро, освен за категоријата А. Овие медали се доделуваат по финалето во попладневниот дел од натпреварот
- Секој учесник може да се натпреварува во неограничен број на дисциплини. .

**Доколку има премногу натпреварувачи во квалификациите, најдобрите три групи ќе пливаат први (во тој случај ќе има дополнителни 30 минути расплив за другите натпреварувачи).**

**РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ:**

- Пријавите треба да се испратат до организаторот до **12.11.2019 најдоцна до полноќ (LENEX FILE)**
- Задоцнетото пријавување до 14.11.2019 до 18:00h (ќе биде санкционирано со дополнително плаќање)
- е-пошта : sc.skopje@gmail.com

**РОК ЗА ОТКАЖУВАЊЕ :**

четврток 14.11.2019 до 18:00h.

**СТАРТАРИНА:**

- Стартарината изнесува 300.00 MKD за домашни учесници или 5 EUR за странски учесници, за старт**.**
- Стартарината изнесува 600.00 MKD за домашни учесници или 10 EUR за странски учесници, за старт, **за задоцнетите пријави најдоцна до четврток 14.11.2019 до 18:00h**.
- Учесниците се обврзани да му ја платат стартарината на организаторот пред почетокот на натпреварот.

**НАГРАДИ:**

- Тројцата најдобри пливачи по старосни категории ќе добијат медали за секоја дисциплина.
- Пливачите со трите најдобри резултати, без оглед на финалето, ќе добијат пехар по старосна категорија.
- За трите резултати со најголем број на FINA поени, постигнати во финале според табела на ФИНА, за отворена категорија, ќе се додели пехар во машка и женска категорија и парична награда.
  - I 150 евра(мажи / жени)
  - II 100 евра (мажи / жени)
  - III 50 евра (мажи / жени)

**ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА:**

- Секој пливачки клуб е одговорен за здравствената состојба на своите пливачи.